# Шварц – Малопродажно одржливо регионално проширување

**Земја:** Регионален проект

**Број на проект:** 53644

**Деловен сектор:** Агрибизнис

**Вид на инвестиција:** Приватен сектор

**Еколошка категорија:** Б

**Датум на одобрување:** 20 јули 2022 година

**Статус:** **Одобрена финална ревизија, Пред одобрување**

**Објава на Резимето на проектот на англиски јазик:** 16 јуни 2022 година

## Опис на проектот

Обезбедување на долгорочен кредит до ЕУР 175 милиони на германскиот малопродажен ланец на Шварц Групацијата (Шварц или Групацијата). Средствата од кредитот ќе се користат за поддршка на проширувањето на продавници во формат на Лидл, на територијата на Западен Балкан, вклучувајќи ја Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Северна Македонија и Црна Гора. (ЕУР 75 милиони) и проширување на Кауфленд активностите во Романија и Молдавија (ЕУР 100 милиони).

## Цели на проектот

Средствата од кредитот ќе се користат за поддршка на инвестициската програма на Групацијата во периодот 2022-2024 година, со фокус врз развој на Кауфленд продавниците во Романија и Молдавија, како и Лидл продавниците на Западен Балкан.

## Влијание врз транзицијата

ETI резултат: 61

Влијанието врз транзицијата на оваа трансакција ќе биде изведено од:

Инклузивно (примарно): Кауфленд Романија и Молдавија ќе промовираат политики и пракси кои се инклузивни, со родово интерактивни човечки ресурси, од кои ќе имаат корист бегалците, како и постоечките вработени, особено жените и родителите. Компанијата ќе биде партнер со организациите од цивилниот сектор, во поддршка на обезбедување на грижа за децата, како и со локалните агенции за вработување со кои ќе ги споделува можностите за вработување помеѓу бегалците од Украина.

Компнијата ќе воведе и диверзифициран менаџмент и обука на вработените, со цел да се зајакне размената на најдобрите пракси во приватниот сектор, преку споделување на научените лекции преку УНХЦР Глобален Компакт за бегалци.

Еколошки (секундарен): изградбата на новите продавници со високи перформанси на енергетска ефикасност, вклучувајќи сертификација на продавниците согласно меѓународните стандарди за зелени згради, согласно ЕДГЕ сертификацијата (EDGE), на територијата на Западен Балкан.

## Информации за клиентот

ЛИДЛ ШТИФТУНГ И КО КГ

Штифтсбергштрасе 1, 74167 Некарсулм, Германија

КАУФЛЕНД РОМАНИЈА С.Ц.С.

Барбу Вакареску бр, 120-144, 020284, Сектор 2, Романија, и двете 100% подружници на Групацијата

## Финансиско учество на ЕБОР

ЕУР 175.000.000,00

## Вкупна вредност на проектот

ЕУР 850.000.000,00

## Додадена вредност

Додадената вредност на поддршката на Банката тргнува од поддршката дадена во воспоставување на повисоки стандарди на економска инклузија во соработка со организациите од цивилниот сектор, особено оние поврзани со вработување на бегалците и поддршка на грижата за децата. ЕБОР ќе го користи искуството за корпоративно климатско управување, за да ги поддржи напорите на Групацијата за де-карбонизацијата во нејзиниот ланец на вредности.

# Еколошко и социјално резиме

Категоризација Б (ESP 2019). Еколошките и социјалните влијанија поврзани со изградбата и работењето на малопродажните продавници во седум земји, се целосно идентификувани и менаџирани. Еколошката и социјалната проценка (ЕСП) е интерно направена, врз основа на информациите обезбедени од Шварц Групацијата, како и посетата на Кауфленд малопродажната продавница во Букурешт, Романија (вклучувајќи посета на менаџментот и интервјуа за вработени), реализирање на проектни прашалници за пет нови земји (Босна и Херцеговина, Северна Македонија, Албанија, Косово и Црна Гора), и претходна проценка и резултати од мониторингот во Молдавија. Поранешната и неодамнешната проценка во Грција и Молдавија покажа дека капацитетот и системите на Лидл и Кауфленд за менаџирање на еколошките, здравствените, безбедносните и трудовите аспекти во развој и работење на продавниците, магацините и логистиката се согласно проектните барања на Банката. Како и да е, само неколку барања поврзани со условите за работа, енергетската ефикасност и супервизија на изведувачот, ќе треба да бидат имплементирани, а истите се вклучени во Еколошкиот и социјален акционен план (ЕСАП). Направен на нацрт на ЕСАП и истиот ќе биде договорен пред Бордот.

Помеѓу седумте земји кои се покриени со оваа нова трансакција, само Романија и Молдавија имаат постоечки оперативни продавници, кои од истите причини се предмет на подетална проверка на еколошките и социјалните аспекти, особено во однос на трудовиот и договорниот менаџмент.

Кауфленд Романија, секоја година, организира анонимни истражувања за задоволство на вработените од условите на работа. Механизмот за поплаки од страна на вработените е исто така во функција. Кауфленд Романија, седум години по ред добива сертификат, како Најдобар Работодавач во Романија.

Во тек на 2022 година компанијата креираше работни места за украинските бегалци, особено за оние кои сакаат да останат во Романија на среднорочен или долгорочен период. Основан е кол-центар каде на украинските бегалци име се дозволува да аплицираат, а договорот за работа е преведен на Украински. После една посета на една продавница во Букурешт, утврдивме дека работните услови се добри, а вработените се генерално задоволни. На краткорочен и среднорочен план, задоволени се еколошките цели. Кауфленд вработи надворешен консултант за извршување на редовни ревизии (4 пати годишно) за следење на здравствените и безбедносните стандарди за секоја продавница во Романија. Се имплементираат дел од механизмите за поплаки и регистрирање на враќање на артикли. Извештајот за одржливост на Кауфленд Романија се објавува секоја година.

Кауфленд Молдавија е посветен (како што е наведено во ЕСАП) да организира анонимно испитување на мислењето на вработените на годишно ниво (првото е спроведено на крајот од 2021 година), и е во процес на организирање на избор на претставници од вработените и преговара колективен договор (до крајот на 2022 година). Од 2022 година на сила е механизмот за поплаки за вработените. Првиот Извештај за одржливост за Куфленд Молдова е објавен во Февруари

2022 година. Првите шест отворени продавници добија ISO50001 сертификат. Ревизијата на Извештајот за еколошка одржливост за 2021 година, покажува задоволителна имплементација на ЕСАП за Молдавија.

За сите седум земји, процесот на аквизиција на земјиште е сличен. Нацртите за нови продавници се купуваат од компаниите за изградба, кои се одговорни за обезбедување на земјиште кое е ослободено од било какви правни оптоварувања (вклучувајќи еколошки аспекти). Клиентот потврди дека земјиштето се набавува врз основа на задоволен купувач/задоволен продавач. Градежната дозвола е обезбедена од компанијата која е задолжена за изградба. Обврската за добивање на сите неопходни дозволи е вклучена во пред-договорното превземање. Кауфленд/ Лидл бара секој изведувач да потпише Код на однесување за деловен партнер, кој вклучува аспекти за немање дискриминација, присилна работа и искористување на трудот на децата, слобода на здружување, плати и прекувремено работење, здравје и безбедност на работа, и заштита на човековата околина. За време на изградбата, Кауфленд/Лидл ќе ангажираат компанија специјализирана за здравје и безбедност при работа која ќе врши мониторинг на работата. Еколошкиот менаџмент и ефикасноста на ресурсите на Кауфленд/Лидл се добро интегрирани во клучните активности, како што се нацрт и изградба на продавниците, и се генерално во линија со проектните барања 3. Сите продавници се градат без азбест. Постои план за стекнување на ISO50001 сертификат за сите нови продавници.

Еколошкиот и социјалниот мониторинг на Банката ќе продолжи да се потпира примарно на годишните извештаи, но доколку е потребно го задржува правото на реализирање на посети на лице место, доколку за истото постои потреба.

Проектот е согласно Парискиот климатски договор, бидејќи е вклучен на заедничката МДБ ,,листа на усогласеност". Со оглед на фактот дека има повеќе различни локации на продавниците, Проектот не е значајно изложен на физички климатски ризици и се имплементира согласно Парискиот договор. Транзицијата на зелена енергија за овој проект е 100%.

## Техничка соработка и финансирање на грант

Нема

## Контакт детали за компанијата

Шварц Диенстлеистунг КГ

Финансиен Штифтсбергстр. 1 74172 Некарсулм, Германија

## Последно ажурирање на Резимето на проектот

28 Јуни 2022 година

## Разбирање на транзицијата

Натамошни информации во врска со пристапот на ЕБОР кон влијанието врз транзицијата, може да се провери тука.

## Деловни можности

За бизнис можности или набавки, контактирајте ја компанијата клиент.

За бизнис можности со ЕБОР (кои не се поврзани со набавка) јавете сé на

Тел.:+44 20 7338 7168
Електронска адреса: projectenquiries@ebrd.com

За проекти на Банката со државата, проверете на Набавки на ЕБОР:

Тел.: +44 20 7338 6794
Електронска адреса: procurement@ebrd.com

## Општи прашања

За прашања околу проектите можете да не контактирате преку онлајн Образецот за прашања за ЕБОР.

## Еколошки и социјални политики (ЕСП)

ЕСП и релевантните Барања за работење (БР) ги воспоставуваат практиките преку кои ЕБОР ги имплементира обврските за промовирање на ,,еколошки стабилен и одржлив развој". ЕСП и БР вклучуваат специфични одредби за клиентите, кои треба да ги следат, заедно со применливите барања од локалните закони за јавно информирање и консултациите, како и воспоставување на механизми за жалба кои треба да ги добијат и да изнајдат решение за забелешките и поплаките на клиентите и засегнатите страни, особено за еколошкото и социјалното работење на клиентот и самиот проект. Пропорционално со природата и рамката на проектниот еколошки и социјален ризик и влијание, ЕБОР дополнително бара неговите клиенти да објават информации, согласно релевантните пракси, кои се поврзани со ризиците и влијанијата кои се појавуваат во проектите, да превземат разумни консултации со учесниците во проектот, и да ги разгледаат и да одговорат на поставените прашањата.

Повеќе информации за праксите на ЕБОР поврзани со оваа проблематика може да пронајдете тука.

## Интегритет и усогласеност

Канцеларијата на Главниот службеник за усогласеност (КГСУ) на ЕБОР, промовира добро владеење и обезбедува услови за имплементирање на највисоките стандарди на интегритет за сите активности на Банката, согласно најдобрите меѓународни пракси. Проверката на интегритетот се врши на сите

клиенти на Банката, со цел да се обезбедат услови, проектите да не претставуваат неприфатлив ризик за интегритетот или репутацијата на Банката. Банката верува дека идентификувањето и разрешувањето на проблемите во фазите на одобрување на проектот, се најефикасни средства за обезбедување на интегритетот на трансакциите на Банката. КГСУ игра клучна улога во овие заштитни напори, но помага и во проверување на ризиците поврзани со интегритетот на проектите во пост-инвестициската фаза.

КФСУ е одговорна и за испитување на обвинувањата за измама, корупција и лошо владение во проектите кои се финансирани од ЕБОР. Било кој во или вон Банката, кој се сомнева дека има измама или корупција, треба да достави писмена забелешка до канцеларијата на Главниот службеник за усогласеност, на електронска адреса на compliance@ebrd.com. Сите работи кои ќе бидат пријавени, ќе бидат обработени од страна на КФСУ и ќе следи одговор. Сите пријави, вклучувајќи ги и анонимните, ќе бидат разгледани. Приговорите може да бидат поднесени на било кој јазик кој се користи во Банката или јазик каде Банката има свои канцеларии. Доставените информации мора да бидат за општа добра намера.

## Пристап до Политика на информации (ППИ)

ППИ пропишува како ЕБОР ги објавува информациите и се консултира со учесниците во проектот, со цел да промовира подобро спознавање и разбирање на стратегиите, политиките и проектите, следствено нивното стапување на сила од 1 јануари 2020 година. Ве молиме проверете на овој линк Пристап до политики за информирање , за да дознаете кои информации се достапни на веб страната на ЕБОР.

Посебни барања за информации може да се доставаат преку Формуларот за прашања за ЕБОР .

## Независен механизам на приговори за проектот (НМПП)

Доколку справувањето со забелешките на клиентите или Банката, околу еколошките, социјалните и јавните објави на информации не се успешни (на пример, преку механизмите на жалба на ниво на клиент - проект или преку директна интеракција со менаџментот на Банката), поединците и организациите може да бараат нивните забелешки да се разгледаат преку релевантниот независен механизм на приговор за проекти на ЕБОР, креирани за оваа намена.

НМПП на ЕБОР, независно ги разгледува аспектите на Проектот кои се верува дека предизвикале (или има веројатност дека ќе предизвикаат) штета. Целта на механизмот е да поддржи дијалог помеѓу учесниците во Проектот во разрешување на аспектите од еколошки, социјални и јавни објави на информации; да определи дали Банката ги испочитувала Еколошките и социјалните политики или одредбите кои се поврзани со проектот, во однос на Пристапот до политиките на информирање , и онаму каде што е релевантно, да се справи со било кои постоечки неусогласености со овие политики, истовремено превенирајќи идни неусогласување со Банката.

Ве молиме посетете ја веб страната за Механизми за проекти кои можеме да ги финансираме, за да дознаете како да доставите поплака преку доверливиот образец достапен онлајн, директно преку електронска адреса, онлајн електронска адреса или телефон. НМПП Ви стои на располагање за да разговара за Вашата загриженост околу оваа проблематика и да одговори на било кое прашање околу доставување или справување со поплаките, а е согласно Политиката за финансирање на проект и Упатствата. Идентитетот на доставувачите на поплаката може да се чува како доверлив, доколку истото е побарано од подносителот на поплаката.